**Кредитен ризик**

**Показатели:** **1.Кредитен рејтинг на портфолио**
**2.Кредитен рејтинг на Македонија**

| | |
|---|---|
| Датум | 31.12.2023 |
| Кредитен рејтинг на портфолио (во поени) | 9.66 |
| Кредитен рејтинг на С.Македонија (во поени) | 12.33 |

Нумеричката вредност на кредитниот рејтинг на задолжителните пензиски фондови во 2023 година изнесува 9,66 што значи намалување на ризикот во однос на 2022 година и се задржува нивото на показателот приближно до 10, што значи високо ниво на изложеност во инструменти во држави со пониска вредност на кредитен рејтинг. Најголем дел од портфолиото на задолжителните пензиски фондови се во државни обврзници издадени од Република Северна Македонија што значи дека кредитниот рејтинг на РСМ има големо влијание врз просечната вредност на кредитниот рејтинг на вкупното портфолио на задолжителните пензиски фондови.
Нумеричката вредност на кредитниот рејтинг на РСМ во 2023 година изнесува 12,33 бидејќи рејтингот на државата се уште е во шпекулативниот дел на инвестиции и тоа според агенцијата Fitch е подобар и тоа на ниво од ББ+, додека според агенцијата S&P е ББ-.







**Методологија и податоци:**

За оценка на овој ризик Агенцијата усвои индикатор кредитен рејтинг на портфолиото на задолжителните пензиски фондови и кредитен рејтинг на РСМ.
Кредитниот рејтинг на портфолиото на задолжителните пензиски фондови го претставува просечниот кредитен рејтинг и се мери во поени (единици). Овој индикатор зависи од кредитните рејтинзи на државите на издавачите на инструментите во портфолиото и државите во кои се регистрирани инвестициските фондови објавени од S&P, Moody's и Fitch. Притоа, за секоја држава се пресметува просечен нумерички рејтинг (со заокружување на најнискиот рејтинг) врз основа на објавените описни кредитни рејтинзи. Овој индикатор се пресметува како пондериран просек на поединечните нумерички рејтинзи на државите во однос на вкупните средства.
Кредитниот ризик на државата дава информација за кредитната дисциплина и стабилност на државата. Кредитниот рејтинг на РСМ го претставува просечниот кредитен рејтинг на државата врз основа на објавените описни кредитни рејтинзи и оценките за стабилност (outlook) и се мери во поени. Нумеричката вредност на двата индикатори може да се движи од 1 до 20. Колку е помала вредноста толку е подобар кредитниот рејтинг.